У-5.бр.1355/2021
У-5.бр.1356/2021

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите м-р Есма Алибашиќ Јонуз - претседател на совет и судиите Виолета Богојеска и Бурим Сејдини – како членови на советот, со записничар Јован Трпевски – раководител на одделение, решавајќи по тужбата со барање за времена мерка на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги СТЕРНА ДОО увоз-извоз Скопје, против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-850/7 од 18.08.2021 година, од областа на јавните набавки, на одржаната јавна расправа на ден 01.10.2021 година, во присуство на полномошникот на тужителот Томислав Николовски адвокат од Скопје, во присуство на Зоран Вељановски од Скопје-управител на тужителот и во присуство на Зоран Трајановски од Скопје, вработен кај тужениот, ја донесе следната:

I

П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги СТЕРНА ДОО увоз-извоз Скопје, СЕ УВАЖУВА.

Оспореното Решение на Државна комисија за жалби по јавни набавки Број 09-850/7 од 18.06.2021 година, СЕ ПОНИШТУВА.

II

Р Е Ш Е Н И Е

- за времена мерка -

Барањето на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги СТЕРНА ДОО увоз-извоз Скопје, за донесување на решение за времена мерка за одлагање од извршување на Решението на Државна комисија за жалби по јавни набавки Број 09-850/7 од 18.06.2021 година, и истото да стапи на сила со денот на донесување, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

III

Барањето на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги СТЕРНА ДОО увоз-извоз Скопје за надомест на трошоците во постапката СЕ УВАЖУВА.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот орган Државна комисија за жалби по јавни набавки на тужителот да му ги надомести трошоци во постапката во износ од 9.460,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на пресудата.

О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното решение бр.09-850/7 од 18.08.2021 година, Државната комисија за жалби по јавни набавки ја отфрлила како неуредна жалбата поднесена

од тужителот СТЕРНА ДОО – Скопје, против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.02-308 од 27.07.2021 година, донесена по Огласот за група јавна набавка со поедноставена Отворена постапка бр.11618/2021 за набавка на стоки – набавка на печатари и мултифункционални уреди на договорниот орган – ОУ Његош – Колонија Идризово, со која одлука бил извршен избор на најповолен понудувач.

Незадоволен од наведеното решение тужителот поведе управен спор со предлог истото да се поништи и предметот врати на повторно постапување и одлучување, поради погрешна примена на материјалното право. Во тужбата наведе дека тужениот орган при одлучувањето погрешно заклучил дека тужителот при уплата на трошоците за водење на постапката и администативната такса, не постапил целосно по членот 155 став 2 од Законот за јавните набавки, односно доставил уплатница во износ од 3.085,00 денари, наместо бараниот износ од 100 евра во денарска противвредност, со образложение дека на другата доставена уплатница во износ од 3.085,00 денари и уплатница за административна такса во износ од 250,00 денари, не била ставена целосна целна дознака, поради што и неможело да се утврди дали овие уплатници се однесувале за водење на постапката по Оглас бр.11618/2021 за набавка на стоки – набавка на печатари и мултифункционални уреди или пак истите биле искористени за други постапки. Укажа на фактот и дека за покренување на конкретната жалбена постапка доставил вкупно три уплатнци и тоа: една на име административна такса во износ од 250,00 денари и две на име трошоци за водење на жалбена постапка во износи од по 3.085,00 денари на начин каков што е укажан од страна на самиот тужен орган на неговата web страна. По однос на прашањето за времето науплата на средствата за водење на жалбена постапка, наведе дека никаде во Законот за јавните набавки не е наведено кога треба станката да ги уплати овие трошоци, туку само едноставно да приложи доказ за уплата на бараните средства.

Во одговор на тужбата тужениот орган остана при наводите од оспореното решение, од причина што не нашол пропусти во одлучувањето на договорниот орган. Имено по однос на тужбените наводи кои се однесуваат на примена на членот 156 од Законот за јавните набавки, се однесуваат на околности поврзани со уредување на жалбата, но не и на доставените докази за уплата на надомест за водење на постапка или пак за административна такса, од причина што оваа околност е регулирана со членот 155 од цитиранот закон. Истакна и дека е неспорен фактот што тужителот во уплатниците не го навел бројот на огласот за кои се однесуваат истите, поради кои причини смета дека тужениот орган правилно не ги прифатил истите. По однос на барањето за времена мерка наведе дека не се исполнети кумулативно законските услови, односно на тужителот не му се нанесува штета коај би била ненадоместлива.

Јавната расправа закажана за 01.10.2021 година се одржа во присуство на тужителот, полномошникот на тужителот и преставник на тужениот, согласно членот 40 од Законот за управните спорови.

На расправата полномошникот на тужителот наведе дека останува во целост при тужбата и предлогот за издавање на времена мерка со дополнување дека во решението на страна 2 и 3 тужениот орган не дава аргументи, туку само декларативно наведува дека доставениот доказ за платена административна такса и доказ за надомест за водење на жалбената постапка не се однесувале за конкретната постапка за јавна набавка. Понатаму наведе дека согласно чл.156 од

Законот за јавни набавки тужениот орган бил должен пред да ја донесе спорната одлука да побара уредување во рок од 5 дена на околност доколку недостасуваат одредени докази. Во цитираниот член не е регулирано дека во случај на недостаток на доказ за надоместок за водење на жалбена постапка како и доказ за платена административна такса жалбата ќе биде отфрлена. Со ваквото постапување на ДКЖЈН е нарушено едно од уставните начела на кој почива правниот поредок на РСМ , а тоа е дека се што не е забрането со Закон е слободно. Во однос на барањето за времена мерка наведе дека со чинот на избор на економски оператор кој е избран со донесената одлука покрај приватниот интерес на сега тужителот повреден е и јавниот интерес бидејќи истиот е избран спротивно на Закон.

Овластениот претставник на тужениот орган наведе дека одредбите од чл.156 од ЗЈН на кој се повикува тужителот се однесуваат на околност поради која тужителот треба да ја уреди жалбата но никако не и на доставените докази за уплата на надоместок за водење на жалбена постапка и административна такса, бидејќи оваа околност е регулирана со член 155 став 2 од Законот за јавни набавки каде е определено дека тужителот е должен да достави доказ за платен надоместок. Неспорен е фактот дека на уплатниците кои ги доставил тужителот не е наведен бројот на постапката , па од тие причини Државната комисија правилно утврдила дека овие докази не се однесуваат на предметната постапка, односно не може со сигурност да се утврди. Во однос на барањето за времена мерка укажува дека не е исполнет основниот услов на тужителот дека му се нанесува штета која не е надоместлива.

Полномошникот на тужителот по однос на наводите на тужениот дека со сигурност не можело да се утврди дека доставените докази за надомест за жалбена постапка и административна такса дека се однесуваат за конкретната постпака, наведе дека тужениот со истите индиректно потврдува и признава дека воопшто не се обиделе да го испочитуваат законот за достава на докази за платен надоместок за водење на жалбена постапка и доказ за платена административна такса.

Во доказната постапка Судот на главната расправа ги изведе следните докази: Решение Број 09-850/7 од 18.06.2021 година на Државна комисија за жалби по јавни набавки, копија од уплатница ПП 50 за административна такса на износ од 250 денари од 17.06.2021 година, копија од уплатница ПП 50 за надоместок за водење жалбена постапка на износ од 3.085,00 денари од 17.06.2021 година, копија од уплатница ПП 50 за надоместок за водење жалбена постапка на износ од 3.085,00 денари од 28.07.2021 година, Одлука за избор на најповолна понуда бр.02-208 од 27.07.2021 година, Жалба од СТЕРНА ДОО Скопје од 30.07.2021 година, Одговор на жалба бр.05-333 од 04.08.2021 година од ОУ Његош Колонија Идризово- Скопје, Одговор на тужба со барање за донесување на времена мерка Бр.09-850/9 од 13.09.2021 година и увид во досие на постапката во ЕСЈН (Електронски систем за јавни набавки) по оглас за јавна набавка со поедноставена отворена постапка бр. 11618/2021 за набавка на стоки-набавка на печатари на договорниот орган ОУ Његош Колонија Идризово- Скопје, примерок од сајтот на ДКЖЈН за начин на пополнување на упалтатите за надомест на жалбена постапка и за плаќање за административна такса.

Управниот суд постапувајќи по тужбата, го испита оспореното решение во границите на тужбеното барање во смисла на член 35 од Законот за управните спорови, па по оценка на тужбените наводи, одговорот на тужбата и списите на

предметот, а имајќи ги предвид и наводите од одржаната јавна расправа најде

Тужбата е основана.

Од увидот во списите на предметот, Судот утврди дека договорниот орган ОУ Његош – колонија Идризово спровела постапка за доделување на договор за јавна набавка со Оглас за групна јавна набавка со поедноставена Отворена постапка бр.11618/2021 за набавка на стоки – набавка на печатари и мултифункционални уреди, по што донел Одлука за избор на најповолна понуда бр.02-308 од 27.07.2021 година.

Против оваа одлука, тужителот поднел жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки, која со оспореното Решение бр.09-850/7 од 18.08.2021 година ја отфрлила поради неуредност, со образложение дека жалителот (сега тужител) непостапил целосно по членот 155 став 2 од Законот за јавните набавки, односно доставил доказ за уплата на надомест за водење на постапка на износ од 3.085,00 денари уплатен на 28.07.2021 година, која уплата е со вредност помала од онаа пропишана со наведената законска одредба т.е. 100 евра во денарска противвредност. Во оваа насока појасни и дека жалителот иако доставил други две уплатници, една на име административна такса од 250,00 денари и другата на име трошоци за водење на постапката во износ од 3.085,00 денари со датум од 17.06.2021 година, не ги прифатил како валидни, бидејќи на истите немало цел на дознака т.е. не било наведено за која постапка се однесуваат, поради што тужениот орган сметал дека ваквите уплатници не се однесуваат за конкретната постапка по Огласот бр.11618/2021 за набавка на стоки- набавка на печатари и мултифункционални уреди на договорниот орган ОУ Његош – колонија Идризово, имајќи во предвид дека одлуката за јавна набавка била објавена на 07.07.2021 година.

Судот наоѓа дека тужениот орган со оспореното решение го повредил законот на штета на тужителот поради следното:

Согласно членот 56 став 1 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ" бр.124/2015), јавниот орган е должен да ги утврди фактите и околностите што се од значење за управното дејствие со изведување на потребните докази и податоци.

Согласно пак членот 12 ставови 2 и 3 од Законот за административни такси („Службен весник на РМ" бр.17/1993 ... 23/2016), ако нетаксиран или недоволно таксиран поднесок или друг спис пристигне преку пошта, органот надлежен за одлучување по барањето ќе го повика таксениот обврзник со опомена во рок од десет дена од денот на приемот на опомената да ја плати редовната такса и таксата за опомена. А во случај кога надлежниот орган за одлучување по барањето ќе покрене постапка и по нетаксиран или недоволно таксиран поднесок, во тој случај решението, односно другиот акт не може да и биде врачен на странката ако претходно, по опомената таксата не е платена.

Согласно членот 155 став 2 од Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ" бр.24/2019), подносителот на жалбата е должен да приложи и доказ за уплата на надомест за водење на постапката.

Согласно 156 став 1 од Законот за јавни набавки, доколку доставената жалба

не ги содржи најмалку податоците од членот 155 став 1 алинеи 1, 3, 4, 5 и 9 на овој закон, Државната комисија ќе побара од подносителот да ја дополни жалбата и ќе одреди рок кој неможе да биде подолг од пет дена.

Во конкретниот случај, по наоѓање на Управниот суд тужениот орган не ги применил правилно горе цитираните законски одредби кога врз основа на истите ја отфрлил жалбата на тужителот како неуредна, констатирајќи дека тужителот не постапил целосно по членот 155 став 2 од Законот за јавните набавки, односно не го платил целосно законски утврдениот износ за водење на постапката.

Имено од извршениот увид во списите од предметот, Судот утврди дека и во случај тужителот како странка во жалбената постапка по чија иницијатива истата била покрената, да не го платил целосно законски утврдениот износ на име трошоци за водење на постапката, тужениот орган бил должен да постапи по поднесената жалба и да донесе акт кој ќе одговара на реално и правилно утврдената фактичка состојба по однос на жалбените наводи. Ова како резултат на фактот што, пред се самиот Закон за јавните набавки во членот 156 став 1 ја регулира ситуацијата кога жалбата е неуредна и во која ситуација никаде не е споменато дека доколку странката не ги плати законски предвидените трошоци за водење на постапката, второстепениот орган – сега тужен има законско овластување и можност, ниту така поднесената жалба да ја отфрли, ниту пак со дополнително известување да побара од подносителот на жалба – сега тужителот, истата да ја уреди во овој поглед, туку имајќи го предвид членот 12 ставови 2 и 3 од Законот за административни такси (кој во случајов претставува генерално законско решение во поглед на таксите кои се плаќаат пред надлежните државни органи – т.н. lex generalis) должен е да покрене постапка, истата да ја реши и во случај на неподмирени трошоци за водење на жалбената постапка и покрај уредно примена опомена за плаќање на законските трошоци, донесеното решение да не го предаде на жалителот како странка која ја иницирала жалбената постапка.

Дополнително и во случај да постоело сомнеж кај тужениот орган во поглед на веродостојноста на извршените уплати во износ од 3.085,00 денари на име трошоци за водење на постапка и износ од 250,00 денари на име административна такса, двете од 17.06.2021 година, а како резултат на фактот што на уплатниците немало ставено како „цел на дознака“ за која постапка се однесуваат и поради тој факт тужениот орган сметал дека не се однесуваат за конкретната постапка за избор на најповолна понуда, Судот смета дека во ваков случај тужениот орган можел лесно, преку увид во досиејата од постапките кои се поведени од страна на сега тужителот – СТЕРНА ДОО од Скопје, односно со увид во уплатниците во соодветните постапки, да утврди дали се работи за веќе извршена (искористена) уплата за претходна постапка или не.

Со оглед на наведеното, Судот одлучи да ги прифати како основани тужбените наводи на тужителот во делот кој се однесуваат на содржина на жалбата и постапувањето на тужениот орган со неуредна жалба во поглед на обврската на жалителот за надомест на законски утврдените трошоци за водење на постапка пред надлежен второстепен орган, а со тоа и законските надлежности на тужениот орган како надлежен второстепен орган во ваков случај, па врз основа сето погоре наведено при повторното постапување тужениот орган ќе треба во целост да постапи согласно напатствијата на овој суд, па правилно применувајќи ги горенаведените законски решенија, да ја спроведе правилно и законито жалбената

постапка и да донесе правилна и законита одлука.

Со оглед на горе изнесеното, Судот утврди дека тужбата на тужителот е основана и одлучи согласно член 60 од Законот за управни спорови.

По однос на барањето за времена мерка, Судот во постапката по тужба утврди дека оспореното решение (кое е предмет и на барањето за издавање на времена мерка) е незаконито и истото го поништи, така што предметот се враќа во состојба во која се наоѓал пред да биде донесен оспорениот акт - Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-850/7 од 18.08.2021 година (кое е и предмет на барањето за времена мерка), при што тужениот орган е должен во целост да постапи по насоките дадени во оваа пресуда од страна на Судот, а во ситуација дека повеќе не постои правниот основ (оспореното решение) поради кој тужителот побарал времено уредување на спорниот однос, следуваше Управниот суд согласно членот 29 став 2 од Законот за управните спорови, ваквото барање со решение да го одбие како неосновано.

По однос на барањето на тужителот за надомест на трошоците во постапката, Судот врз основа на одредбите од Законот за судски такси и согласно одредбата од член 8 точка 10 од Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите, донесе одлука за надомест на трошоците на тужителот во износ од 9.460,00 денари и тоа: износ од 8.260,00 денари на име награда за управен спор со пресметан ДДВ, такса за тужба во износ од 480,00 денари и такса за одлука во износ од 800,00 денари.

Пресудено во Управниот суд на 01.10.2021 година под У-5.бр.1356/2021 и У-5.бр.1355/2021

Записничар – раководител на одделение
Јован Трпевски

Претседател на советот – Судија
м-р Есма Алибашиќ Јонуз

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2.

Пресудата да се достави на:
- тужител / и
- тужен орган

Претседател на совет - Судија
м-р Есма Алибашиќ Јонуз

НК/

Република Северна Македонија
Управен суд
Скопје
Gjykata Administrative
Republika e Maqedonisë së Veriut
Shkup

Согласноста на преписот со изворникот го потврдува
Судски службеник